СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 15	Чешиново-Облешево 12.11.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година)

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 08.11.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1670/1
12.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 21, став 1, точка 4 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година)

Член 1

Се усвојуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година), прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1666/1
12.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење

на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 08.11.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1671/1 Општина Чешиново-Облешево
12.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година, изготвен од страна на директорот ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново – Облешево.

Бр.08-1667/1 Совет на
12.11.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив - фирмарина

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив - фирмарина, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 08.11.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1672/1 Општина Чешиново-Облешево
12.11.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 08.11.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив - фирмарина

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

I

Се усвојува Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив – фирмарина, изготвен од одделението за даноци.

II

Да се изготват и пуштат писмени опомени до правните лица кои имаат неизмирен долг по основ на комунална такса за истакнат назив како и тековна обврска по истиот однос која треба да се измири заклучно со 31.12.2024 година.

Доколку истите не пристапат кон доброволно подмирување на долгот, да се пристапи кон присилна наплата.

III

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1668/1
12.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 08.11.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1673/1
12.11.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 08.11.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево

I

Се усвојува Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево.

II

Да се побара Мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање, во врска со изнаоѓање на Решение за привремено одлагање на отпадот, до решавање на проблемот со депонијата во Кочани.

Министерството за животна средина да даде Налог на општина Кочани за итно решавање на проблемот со одлагањето на сметот

III

Општина Кочани да создаде услови за непречено изнесување на отпадот од страна на

општина Чешиново-Облешево во депонијата Кочани.

Доколку општина Кочани писмено гарантира дека ќе создаде услови за депонирање на отпадот во депонијата Кочани, во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година ќе се предвидат средства за третман на отпадот во депонијата Кочани, по претходно утврдена формула и склучен Договор за непречено изнесување и депонирање на отпадот.

IV

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1669/1
12.11.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година)..... 1

2.ОДЛУКА за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година)..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година 1

4.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.07.2024 до 30.09.20024 година..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив – фирмарина..... 2

6.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата по основ на долг за комунална такса за истакнат назив – фирмарина..... 2

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево..... 3

8.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата во врска со состојбата за собирање и депонирање на отпад од територија на општина Чешиново-Облешево..... 3

9.СОДРЖИНА 4

ПРИЛОГ:1. Измени и дополнувања на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година (Трет Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година)

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО